Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-102/3
Датум: 28-02-2024

По претставката бр. 08 – 102/1 од 17.01.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.02.2024 години го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 102/1 од 17.01.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 17.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на [redacted] против [redacted].

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што поднесената претставка не ги содржеше наведените елементи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го задолжи подносителот истата да ја доуреди. Подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што првенствено ќе наведе податоци за себе како подносител/ка, ќе го конкретизира поводот за поднесување на претставката (фактичка состојба), односно ќе наведе со кои конкретни дејствија потенцијалните дискриминатори извршиле дискриминација и ќе ја наведе дискриминаторската основа.

**Во законски предвидениот рок подносителот не ја доуреди претставката.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 102/1 од 17.01.2024 година поради неуредност.

Скопје
28.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]